

Manon de Boer



Dejan Kaludjerović



Hristina Ivanoska



Katarina Popovic

## *Продор во реалноста: исчезнување на јавниот простор*
## Автор на проектот и куратор на изложбата: Горан Петровиќ (Р.Србија/Белгија)

**Отворање: понеделник, 23.04.2007, 17:30 часот,**
**Видео проекција: со почеток во 18:00 до 21:50 часот**
**Изложбата ќе биде отворена до сабота 28.04.2007.**

Во **понеделник**, **23.04.2007**, со почеток во **18:00 часот**, **press to exit** project space ве поканува на отворањето на изложбата ***Продор во реалноста: исчезнување на јавниот простор,*** кураторски проект на **Горан Петровиќ** реализиран во рамките на програмата *Предавања, презентации и изложби*. Изложбата ќе биде отворена до **28.04.2007**.
Во тој период (од вторник до сабота) ќе има две проекции: кои ќе започнуваат од **12:00 – 15:50** часот и **18:00 - 21:50** часот.

**Уметници:**
Мирна Арсовска (МК), Манон де Бур (НЛ/БЕ), Јане Чаловски (МК), Искра Димитрова (МК), Христина Иваноска (МК), Синиша Илиќ (РС), Дејан Калуѓеровиќ (РС/АТ), Тања Остојиќ (РС/ДЕ) и Давид Риц (АТ), Катарина Поповиќ (РС), Калед Рамадан (ДК), УРТИКА: Виолета Војводиќ, Едуард Балаз и Даниел Стевановиќ (РС).

*Тргнувајќи од идејата дека јавната сфера подразбира секаков репрезентативен облик на интеракција и комуникација, и дека елементите на медиа културата завземаат значаен дел, уметницте здружени во проектот "Продор во реалноста: исчезнување на јавниот простор", директно интервенираат внатре во различните комуникациски канали: печатени, електронски и дигитални медии, како и урбаниот и јавниот постор. Генерално, намерата на овој проект е да иницира нови продукции кои ќе интегрираат уметничка пракса и медијски средства како што се: книги, весници, радио, телевизија, филм и интернет, и на разновидната публика да и се понуди можност што подиректно да ја доживее современата уметност како критична пракса. Според тоа, уметничките дела за овој проект беа продуцирани во различни форми и реализирани како додатоци на весници, книги, фељтон, ТВ серии, рекламни кампањи, документарни и играни филмови, музички спотови, интернет игри.*

*Уметничките дела во овој проект, а најголем дел од нив се создадени за оваа прилика, се тесно порзани со друштвената, културната и политичката ситуација на балканскиот регион и се однесуваат на следниве теми: медиумите како јавни сервиси, ширење на културните модели, друштвената улога на уметноста, идентитетот, позицијата на имигрантите, жените и маргинализираните групи на граѓани, правилата на пазарната политика во ЕУ, и други теми.*

*Горан Петровиќ*

**Горан Петровиќ** (1977, Србија) студирал историја на уметност во Белград. Од 2000 година тој работи како куратор и театарски проект менаџер. Генарално, неговиот интерес е насочен кон истражување на јавната сфера со директни експерименти преку нејзините различни форми. Петровиќ живее и работи во Белград и Брисел.

Горан Петровиќ беше поканет куратор во програмата на VCI (Visiting Curatorial Initiative / Иницијатива за кураторски гостувања) на **press to exit** project space во 2005 година.

Донатори на проектот: Европска културна фондација; Швајцарска програма за култура на југоисточна Европа и Украина; Фонд за отворено друштво; Град Белград - секретаријат за фианансии; Фламанско министерство за култура и медиуми, Белгија; Министерство за култура на Република Србија; Австриски културен форум
Спонзори: ЛОМ; Плато; Almaquattro; Graffix; Caligraph; Shrooms, Metamorphosis – фондација за одржливи инфоматички решенија.

**press to exit** project space
**галерија**: Максим Горки 19, Скопје, Македонија (Швајцарска амбасада)МК-1000 Скопје
тел.+389 2 3228 594, факс + 389 2 3103 371,
**канцелариски простор:** Васил Ѓоргов 28/4, МК-1000 Скопје, тел. + 389 2 3228 594, presstoexit@on.net.mk ; www.presstoexit.org.mk

## Програма на Проекции

**Отворање: понеделник, 23.04.2007, 17:30 часот,**
**Видео проекција: со почеток во 18:00 до 21:50 часот**
**Изложбата ќе биде отворена до сабота 28.04.2007.**

Во тој период (од вторник до сабота) ќе има две проекции:
кои ќе започнуваат од **12:00 – 15:50** часот и **18:00 - 21:50** часот.



**18:00** ***Comrade Alfredo Neri***, 2006, DVD

- Кхалед Рамадан
- Времетраење: 21'30"

Во филмот ***Comrade Alfredo Neri*** станува збор за визуелната манипулација, тој демонстрира како играниот филм во секоја форма може да не вовлече или пак одвлече од нешто, како влијае на нашите чувства и како ни помага да го оформиме нашето мислење. Филмот има за цел да ни покаже како камерата може да го трансформира обичниот човек во непријатен карактер со помош на специјално светло, филтер и звучни ефекти.



**18:22** ***I'd like to buy…***2007, видео

- Искра Димитрова
- Времетраење: 1'07"

***I'd Like to Buy the World a Coke*** е една од најдобрите реклами на сите времиња. Продуцирана е во 1969 година за потребите на *Coca Cola Company*, песната користена во оваа реклама стана толку позната што луѓето се јавуваа во радио станиците да биде повторно пуштена. Димитрова се обидува да го истражи социјалното влијание на рекламата преку нејзината деконтектуализација 36 години подоцна, со намера да ја емитува истата реклама за време на политички дебати, документарни филмови и други слични програми.



**18:24** ***Open Studio of New Belgrade Chronicle***, 2007, DVD

- Епизода 1: ***Naselje Gazela***
- Тања Остојиќ
- Времетраење: 5'25''

Со намера да ги портретира граѓаните на Белград но и градот како жива интернационална средина, Open Studio of Belgrade Chronicle главно се фокусира на алтернативни вредности и маргинализирани индивидуи и групи, кои имаат ограничен пристап до медиумите и кои се често исклучени при донесување на одлуките кои директно влијаат на нивната иднина. Во овој серијал уметникот се става во улога на истражувач и новинар. Претходно, Open Studio се емитуваше на ТВ Политика во Србија.



**18:30** ***Sylvia Kristel - Paris***, 2003, super 8 film on DVD

- Манон де Боер
- Времетраење: 39' 28"

***Silvia Kristel – Paris*** е документарен филм кој зборува за поп иконата од седумдесетите години на минатиот век Silvia Kristel, германска актерка и модел која се прослави со улогата во еротскиот филм *Emmanuelle*, еден од најуспешните Француски филмови на сите времиња. Во период од две години Манон де Боер направи две интервјуа со Kristel во врска со градовите во кои таа живеела. Со одделни прикази на слика и звук, портрет и глас, документарецот претставува елемент на двоумење кај гледачот, повикувајќи се на колективната меморија каде Kristel е Emmanuelle.

press to exit project space
gallery space: Maksim Gorki 19 (Embassy of Switzerland), MK-1000 Skopje
tel + 389 2 3103 374, fax + 389 2 3103 371,
office space: Vasil Gjorgov 28/4, MK-1000 Skopje, tel + 389 2 3228 594, presstoexit@on.net.mk ;
www.presstoexit.org.mk

**19:10 Пауза**



**19:30** ***Anthem***, 2007, DVD
- Јане Чаловски
- Времетраење: 31'16"

***Anthem*** (*Химната*), е видео материјал базиран на текстот на Роберт Бери *Art work* (1970). Од Различни експерти е побарано да дискутираат на темата национални химни, не само како национален симбол но и како територијална независност во било кој контекст, додека гудачкиот квартет изведува аранжман на европската химна од тект на Роберт Бери. Кога се предложува прототип на национален симбол, исклучена од неоснованите историски референци или контекстуални погледи, одредени културни и концептуални стратегии влегуваат во игра. Овие стратегии се користени за дефинирање на проекти како провокација, резултирајќи со нова форма на референтна конструкција.
На крај, интроспективната концептуална практика е претставена како вовед за дијалог.



**20:02** Open Studio of New Belgrade Chronicle, 2007, DVD
- Епизода 2: ***Peti park***
- Тања Остојиќ
- Времетраење: 5'50''



**20:09** ***Resonating Surfaces***, 2005, 16 mm film on DVD
- Манон де Боер
- Времетраење: 38' 20"

Дејствието на ***Ресонатинг Сурфацес*** е сместено во Париската интелектуална клима на седумдесетите години. Преку лични спомени на Суелѕ Ролник, психоаналитичар од Бразил кој живеел за време на диктаторскиот режим на Хумберто Бранцо, а подоцна се преселил во Парис. Овој филм портретира една индивидуа, град и став кон животот. Конструкцијата на овој филм се базира на различни елементи; слика, звук, текст и глас. Сите овие елементи имаат различно значење, понекогаш се преиспитуваат меѓусебно, а на моменти тотално се надополнуваат.



**21:48** ***Marginal,*** 2007, DVD
- Синиса Илиќ
- Времетраење: 2'30

При монтажата на овој филм се користени маргинални и бескорисни материјали. Значењето во ова кратко видео се однесува на преоптоварениот свет на слики кои нé опкружуваат. Матни слики и нејасен звук, непрепознатливи лица и ситуации, без приказна и експресија, без почеток и крај – ништо не е важно, се é маргинализирано.

**Калед Д. Рамадан** (Либан, 1964) студирал на Кралската данска академија за ликовни уметности. Тој е куратор и подготвува докторска дисертација на одделот за културолошки студии и уметности на универзитетот во Копенхаген. Рамадан е основоположник на *Chamber of Public Secrets* - мобилен простор на Копенхагенската телевизија. Како мултимедијален уметник -документарист тој својот интерес го наоѓа во полето на социјалната историја, научните истражувања и критичната теорија. Живее и работи во Копенхаген, Данска. www.chamber.dk

**Искра Димитрова** (Македонија, 1965) студирала скулптура и филозофија во Скопје. Нејзината работа се состои од мултимедијални инсталации, видеа и перформанси. Живее и работи во Скопје. www.iskra.addr.com

**Манон де Бор** (Индија, 1966) студирала уметност на АВК во Ротердам и на Rijks academy во Амстердам, Холандија. Таа е независен уметник која работи со филмска, видео и аудио продукција, во кои најчесто се занимава со прашањето на меморијата и време/траењето. Живее и работи во Брисел, Белгија.

**Јане Чаловски** (Македонија, 1973) студирал уметност и архитектура во САД а посдипломски студијски престои има реализирано во CCA Китакјучу – Јапонија и на Jan van Eyck академијата во Холандија. Неговите контекстуални сценарија вклучуваат цртежи, видеа, јавни акции и инсталации. Живее и работи во Скопје.

**Тања Остоиќ** (Србија 1972) студирала уметност во Белград и Нант. Таа е независен интердисциплинарен уметник и куратор. Остоиќ користи различни медии во нејзините уметнички истражувања, испитувајќи ги социјалните конфигурации и релациите на моќ. Пристапот во нејзината работа е детерминиран од политичка позиција, хумор и интегрирање на реципиентот. Живее и работи во Берлин и Белград. www.kultur.at/how/tanja

**Синиша Илиќ** (Србија, 1977) студирал на Факултетот за ликовни уметности во Белград. Има остварено и студиски престои на Академијата Schloss Solitude – Штудгард, и на ISCP – Њу Јорк. Тој црта директно на ѕидовите од галериите, понекогаш како перформанси на отворањата, а исто така користи цртежи и слики за инсталации во простор. Илиќ е и ко-автор на повеќе прформанси со текстуална предлошка. Живее и работи во Белград. www.cyberrex.org/ilic

**Христина Иваноска** (Македонија, 1974) студирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Иваноска ја гради својата уметничка пракса креирајќи индивидуални акции наспроти етаблираните правила и норми, дефинирани од конвенционалните социјални и политички системи. Нејзината работа вклучува истражувања, перцепција и интерактивни акции. Живее и работи во Скопје. www.scca.org.mk/artists/hristina

**Катерина Поповиќ** (Србија, 1974) студирала уметност, етнологија и антропологија на Универзитетот во Белград. Таа е дизајнер и визуелен уметник. Нејзината работа опфаќа уметност и антропологија, како и уметност и дизајн, економија и пазарни вредности. Живее и работи во Белград.

**Дејан Калуѓеровиќ** (Србија, 1972) студирал уметност во Њујорк, Белград и Виена. Тој е независен уметник. Прашања поврзани со одговорноста, моралот, вистината, љубовта, манипулацијата и разлики во итерпретацијата се основа на неговата уметничка пракса која е артикулирана преку медиумите на цртежот, сликарството, фотографијата, принтот и видеото. Живее и работи во Виена, Австрија. www.dejankaludjerovic.net

**Уртика** (Србија, 1999) уметничка и медиумска истражувачка група, специјализирана за развивање на трансдисциплинарни проекти од полето на медиа уметноста. Групата започнува со реализација на проекти во 1999 година. Членови на Уртика се Виолета Војводиќ, Едуард Балаз, Даниел Стевановиќ. Тие живеат и работат во Нови Сад. www.utrica.org

**Мирна Арсовска** (Македонија, 1967) студирала на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Таа е независен уметник чија работа се состои од објекти, инсталации и видео. Повремено работи и графички дизајн. Живее и работи во Скопје. www.mirna_arsovska.com.mk